Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 23.12.2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 6413/2 | 1 | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

# ДОПОЛНЕНИЕ НА ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕН ВОНРЕДЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР, бр.11-6413/1 од 20.12.2014 година

## ОПШТО ЗА НАДЗОРОТ:

Вонредниот програмски надзор во согласност со член 27 став 1, 2 и 3 и член 28 став 1, 2 и 3, **а во врска со член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, 101/14 и 132/14)** како и во согласност со Методологијата за вршење на програмски надзор донесена од страна на Агенцијата, беше спроведен врз работата на операторот на јавни електронски комуникациски мрежи во Скопје, **Трговско радиодифузно друштво Кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип,** на ден 20.12.2014 година, од страна на службено лице од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во врска со напред наведеното, на ден 23.12.2014 година, до Агенцијата беше доставена дополнителна документација, бр.11-6451/1 од 23.12.2014 година, од која произлегоа нови факти во однос на реемитувањето на странскиот програмски сервис: Minimax TV, од страна на Трговско радиодифузно друштво Кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип.

## ВИД И ПРЕДМЕТ НА НАДЗОРОТ:

Вонредниот програмски надзор покрај на околностите наведени во Писмениот извештај бр.11-6413/1 од 20.12.2014 година, се спроведе и на следната околност: **дали се врши реемитување на странски програмски сервиси спротивно на одредбите од** Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со вршење увид во дополнително доставената документација (бр.11-6451/1 од 23.12.2014 година).

## КОНСТАТАЦИИ И ОПИС НА ПРЕКРШУВАЊЕТО:

Врз основа на извршениот увид во дополнително доставената документација, беа утврдени следните нови факти, и тоа:

- во Решението издадено од Совет за радио и телевизиско емитување на Република Чешка број на предмет: 2006/1039/зем/МИН заверена со (наш архивски бр.11-6454/1) од 23.12.2014 година, издадено е одобрение за **емитување на програмскиот сервис 'Minimax', со српска јазична верзија, во кое како територијален опсег на емитување, е наведена и Република Македонија**.

Согласно погоренаведената документација и утврдените нови факти, од страна на Агенцијата беше констатирано следното: странскот програмски сервис Minimax, за чие емитување Република Чешка издала дозвола, **не може да се емитува на територијата на Република Македонија, без издадена дозвола од страна на регулаторното тело –**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно** член 69 став 3 од **Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во кој е предвидено дека**, за телевизиски програмски сервис што се емитува во Република Македонија, дозвола доделува Агенцијата. Согласно наведеното, јасно произлегува дека во Република Македонија дозвола за телевизиско емитување може да издаде единствено Агенцијата како регулаторно тело во областа на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Предлог-мерките дадени во Решението Уп 1бр. 11-688 од 20.12.2014 година во однос на натамошно постапување на операторот, останувaат во сила.**

**Сектор за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права**